26054

(30)

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95, Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
8. 11. 1980 1186810

### Вечер во Музејот на современата уметност

# БРИТАНСКИ ПЛАКАТ 1890—1978

**● ОВАА ИНТЕРЕСНА ИЗЛОЖБА, ПРЕСЕК НА РАЗВОЈНИТЕ ЕТАПИ НА ПЛАКАТОТ КАКО МЕДИУМ ЗА КОМУНИКАЦИЈА, А И ТВОРБА СО ГРАФИЧКИ, ДЕКОРАТИВНИ И ИСТОРИСКИ ВРЕДНОСТИ, ВО СКОПЈЕ ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕНА ЕДЕН МЕСЕЦ. — ПОДГОТВЕНА Е ВО СОРАБОТКА СО РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНИ ВРСКИ СО СТРАНСТВО НА СРМ И БРИТАНСКИОТ СОВЕТ ОД БЕЛГРАД**

**МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА** уметност од Скопје, во соработка со Републичката **комисија за** културни врски со странство **на СРМ и** Британскиот совет од Белград вечер, со почеток во 18 часот во своите простории ќе ја отвори изложбата **Британски плакат 1890—1978.** Оваа изложба, пресек на уметничките стилови во споменатиот период кои нашле свој одраз и на плакатот кој е првенствено медиум за комуникација, веќе неколку месеци патува низ светот. Пред скопската публика, изложбата имаа можност да ја видат посетителите во Љубљана, Белград и Сараево. Во Скопје оваа изложба ќе трае еден месец.

Оваа несекојдневна постановка опфаќа околу сто дела настанати во периодот од 1890 до 1978 година, дела на осумдесетина автори кои се претставени со своите најдобри остварувања, изработени во разни техники — од литографијата до современите.

Историјата вели дека меѓу првите уметници на плакатот најпознати биле **Џон Хесл, Дадли Харди, Вилијам Николсон, Џејмс Прајд и Е. Мек Најт Кофер.** Последниот е роден во Америка, а Николсон и Прајд работеле под псевдонимот „Браќа на питачкиот стап". Две други водечки личности од крајот на минатиот век, илустраторот Бердсли и шкотскиот архитект Мекинтош, исто така работеле плакати. Во овој век сликарите Бен Николсон и Греем Сатерленд, како и неколку уметници кои му припаѓаат на движењето на поп-артот, добиваат порачки за работи од оваа област, плакати кои веќе тогаш можеле да бидат сфатени на повеќе начини: дела со значење на својата драматска и наративна содржина, или како своевидни историски сведоштва.

**СПОМЕНАТИВЕ ДЕЛА** не се значајни по своите графички или декоративни вредности, туку по моќта на оживувањето на општата состојба на духот на времето во кое настанале — се вели во каталогот кон оваа изложба. Интересно е да се одбележи блиската врска што постои меѓу уметноста на плакатот и правците во развојот на сликарството, врска што е посебно видлива во делото на Мек Хајт Кофер. Редукцијата на формата и содржината до самата нивна суштина е важен елемент во концепцијата на плакатот. За да се постигне највисок степен на јасност и на ударен ефект, темата е прочистена и поедноставена. А ниеден уметник не го разбрал тоа подобро од споменатите Николсон и Прајд. Тие и самите би биле изненадени од изгледот на својот плакат за „Дон Кихот", кој масовно се произведува и продава осумдесет години по спуштањето на завесата на оваа претстава.



**Дадли Харди: Девојка од Хаити, 1893**

Пораката, како и самиот производ, обично е кратковечна — моментен поттик што лесно се заборава и се отфрла. Успехот на првите уметници на плакатот така и бил оценуван — според комерцијалните ефекти што ги носела нивната работа. Вредноста на плакатот во Англија всушност почнала да се согледува дури пред крајот на минатиот век. А денес, интересна е сè поголемата побарувачка на репродукциите на старите плакати.

(С. Ѓ.)